**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

===========================================================================

**Бр. 08-573/15**
**26.12.2023 год**
**ПЛАСНИЦА**

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/04, 92/07, .....„Службен весник на РСМ" бр. 151/21), член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот (Службен весник на РМ бр. 54/12, 17/13, 21/13, 142/14) и член 17 од Статутот на општина Пласница (Службен гласник бр. 02/2006 и 03/2019), Советот на општина Пласница на 24- та седница одржана на ден 26.12.2023 година донесе:

# О Д Л У К А
## за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште, за календарската 2024 година

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште за календарската 2024 година, утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Пласница по катастарски општини.

**Член 2**

Градежно земјиште е земјиште планирано со актите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање, и истото може да биде градежно неизградено земјиште и градежно изградено земјиште.

Градежно изградено земјиште е градежното земјиште на кое е изграден објект од траен карактер кој е запишан во јавните книги за запишување на правата на недвижностите и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот опфатено со границите на градежната парцела.

Градежно неизградено земјиште земјиште е земјиштето опфатено со границите на градежната парцела во рамки на која не се изградени објекти од траен карактер кои се запишани во јавните книги за запишување на правата на недвижности.

**Член 3**

Просечната цена за метар квадратен на градежно земиште за целата територија на општина Пласница е:

| | |
|---|---|
| Градежно неизградено земјиште | 950 ден/м2 |
| Градежно изградено земјиште (дворно место) | 650 ден/м2 |

**Член 4**

Со денот на започнувањето на примената на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно земјиште за календарската 2023 година, со бр.08-99/13 од 27.02.2023 година донесена од Советот на општина Пласница.

**Член 5**

Оваа одлука ќе се објави во Службен гласник на општина Пласница, а ќе започне да се применува од 1 јануари 2024 година.

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Џемаил Асаноски**